**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Сиг. 0801-41

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

Инв. Бр. 2/9

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ГЕОГРАФИЈА*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА III ГОДИНА**

**Скопје, 2003 година**

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. **Назив на наставниот предмет:** *географија*

1.2. **Вид на средно образование:** *гимназиско*

1.3. **Година на изучување:** *трета*

1.3. **Број на часови:**

Број на часови неделно: 2 часа
Број на часови годишно: 72 часа

1.4. **Статус на наставниот предмет:** изборен предмет

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИЗБОРНАТА НАСТАВА ПОГЕОГРАФИЈА

2.1.Општа цел на изборната настава по географија е на учениците да им се овозможи да усвојат повисоко ниво на теоретски и практични знаења од повеќе географски дисциплини, особено од оние кои се во непосредно влијание со животната средина и човековата активност. Истовремено со нив се врши диференцијација на учениците според нивната ориентација кон определена насока на студии на високото образование.

### 2.2. Посебни цели

Ученикот да може:

- да го препознава и разбере влијанието на сите природно-географски одлики врз животот на Земјата;
- да ги презентира природно-географските одлики важни за животот на Земјата;
- да даде осврт на социо-економските одлики на Земјата;
- да ги разликува и поврзува социо-географските и стопанско-географските одлики;
- да го процени влијанието на природно-географските и социо-економските одлики;
- да се оспособи да ги презентира социо-економските одлики важни за животот на Земјата;
- да ги препознава природните и општествените фактори кои предизвикуваат нарушување во животната средина;
- да го процени влијанието на природните и општествените фактори кои предизвикуваат нарушување во животната средина;
- да развие чувство за самостојно набљудување на географската средина;
- да развие чувство за можни решенија за разрешување на еколошките проблеми.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Согласно програмските содржини кои се изучуваат по географија во основното образование, потоа во I и II година гимназија учениците имаат стекнато знаења за природно-географските и социо-економските одлики на Земјата како и регистрирање и разрешување на одредени еколошки проблеми во животната средина. Претходните стекнати знаења на учениците ќе им бидат појдовна основа во реализацијата на новите наставни содржини во трета година гимназиско образование.

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структуирање на содржините за учење

| I тема: **ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ ОДЛИКИ И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТОТ НА ЗЕМЈАТА (16)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| ❖ **Ендогени и егзогени движења и моделирање на релјефот на Земјата**<br><br>❖ **Вулканизам и сеизмизам**<br><br>❖ **Формирање на релјефот под дејство на надворешните сили**<br><br>❖ **Влијанието на климатските фактори и елементи врз животот на Земјата**<br><br>❖ **Следење, мерење и прогноза на времето**<br><br>❖ **Општествено и геополитичко значење на светското море**<br><br>❖ **Подземните и површинските води, значајни природни агенси на Земјата** | ***Ученикот:***<br>- да ги препознава и да ги објаснува внатрешните (ендогени) и надворешните (егзогени) сили;<br>- да ги дефинира и дискутира за вулканите и земјотресите;<br>- да ги опише надворешните сили, да ги разликува и класифицира генетските типови релјеф;<br>- да го процени влијанието на климата врз животот на Земјата;<br>- да користи податоци за мерење и прогноза на времето;<br>- да заклучува за општественото и геополитичкото значење на светското море;<br>- да го процени значењето на подземните и површинските води и да препорача решение за нивно рационално користење. | - Примена на физичка карта на светот, тематски карти (тектонски и геолошки, климатски и хидролошки), фотографии, слики, шеми, слајдови и др., модели на вулканска купа и метеоролошка станица.<br><br>- Се организира тимска работа со примена на методи на интерактивна настава.<br>- Се применуваат методи на демонстрација на карта.<br>- Примена на споредбена анализа и критичко расудување за климата.<br>- Користење на повеќестрана нагледност во наставата.<br>- Изработка на елаборат за прогноза на времето во твојот крај. | - Геологија<br><br>- Геоморфологија<br><br>- Петрографија<br><br>- Метеорологија<br><br>- Климатологија<br><br>- Хидрографија<br><br>- Хидрологија |

| II тема: **АНТРОПОГЕНИ ОДЛИКИ** (12) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| ❖ **Основни демографски параметри на населението**<br><br>❖ **Облици на јазично и културно здружување на населението во општествени заедници**<br><br>❖ **Населението како фактор за стопанската развиеност**<br><br>❖ **Класификација на населбите**<br><br>❖ **Процес на урбанизација на населбите** | - Да ги идентификува и селектира демографските параметри на населението;<br><br>- да го објаснува јазичното и културното здружување на луѓето во општествени заедници;<br><br>- да конструира слика за населението како фактор за стопанската развиеност на просторните и општествените заедници;<br><br>- да ги класифицира и ревидира населбите;<br><br>- да изведе заклучок за урбанизацијата како светски процес. | - Примена на физичка карта на светот, политичка карта на светот, топограф-ски карти, планови, слики, цртежи, шеми, слајдови, дијаграми и видеофилм.<br><br>- Се аналаизира и критич-ки расудува за одредени демографски проблеми во светот.<br><br>- Преку тимска форма на работа учениците даваат примери за културните и јазични општествени заедници.<br><br>- Се изработува елаборат за типска населба.<br><br>- Изработка на предлог-план за мултифункцио-нален град или мегало-полис. | - Социологија<br><br>- Историја<br><br>- Демографија<br><br>- Статистика<br><br>- Урбана географија<br><br>- Картографија<br><br>- Системи на инфраструк-тура |

| III тема: ЕКОНОМСКИ ОДЛИКИ (14) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| ❖ **Природните ресурси фактори за развој на стопанството**<br><br>❖ **Полјоделство,овоштарство и лозарство**<br><br>❖ **Енергетски извори и нивната географска распространетост**<br><br>❖ **Географска распространетост на рудните богатства**<br><br>❖ **Индустрија и индустриски гранки**<br><br>❖ **Индустриски региони во светот** | *Ученикот :*<br>- да ги идентификува и објасни природните ресурси како фактор за развојот на стопанството;<br><br>- да ги селектира и да дава осврт за земјоделските гранки;<br><br>- да објаснува и да прави класифицирање на енергетските извори и нивната географска распространетост;<br><br>- да заклучува за географската распространетост на рудните богатства;<br><br>- да конструира слика за индустријата и индустриските гранки;<br><br>- да процени кои се најразвиените индустриски региони во светот. | - Примена на физичка карта на светот, тематски карти (земјоделски, рударски, индустриски и др.), фотографии, слајдови, цртежи и видеозаписи.<br><br>- Се презентира видеозапис за класификација на стопанските дејности.<br><br>- Организирање на тимска работа со примена на метод на интерактивна настава.<br><br>- Користење на повеќестрана нагледност со помош на видеофилм за развојот на индустриските гранки.<br><br>- Примена на споредбена анализа и критичко расудување за индустриските региони во светот. | -Тесна поврзаност со природно-географските и социогеографските одлики<br><br>- Историја<br><br>- Социологија<br><br>- Статистика<br><br>- Биологија и др. |

| IV тема: ТЕРЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ (15) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| ❖ **Сообраќај и телекомуникации**<br><br>❖ **Трговија и економски групации**<br><br>❖ **Географски фактори за развојот на туризмот**<br>- **Природни фактори**<br>- **Општествени фактори**<br><br>❖ **Видови туристички места:**<br>- **приморски, планински, бањски, езерски и др.**<br><br>❖ **Туристичко-географски региони во светот**<br><br>❖ **Туризмот во Република Македонија** | *Ученикот :*<br>- да го дефинира сообраќајот како терцијална (услужна) дејност;<br><br>- да објаснува за трговијата како фактор од кој зависи квантитетот на производството на материјални добра;<br><br>- да ги селектира географските фактори од кои зависи развојот на туризмот;<br><br>- да ги класифицира видовите туристички места;<br><br>- да заклучува кои туристички региони се најразвиени во светот;<br><br>- да процени на кој степен е туристичкиот развој на Република Македонија и да даде критичко размислување за малиот туристички промет. | - Примена на физичка карта на светот, физичка карта на Република Македонија, тематски карти (сообраќајна, туристичка и др.), цртежи, слики, шеми, графикони и др.<br><br>- Прикажување на видеозаписи за познати туристички центри во светот и во Република Македонија.<br><br>- Изработка на елаборат за развојот на сообраќајот во светот.<br><br>- Приказ на видеозапис за големите економски групации во светот.<br><br>- Картографски да се прикажат туристичките центри во Република Македонија.<br><br>- Организирање групна форма на работа за опис на најголемите туристички региони во светот.<br><br>- Примена на споредбена анализа за туристичкиот промет на Охридското и Преспанското Езеро. | -Тесна поврзаност со природно-географските и социогеографските одлики<br><br>- Историја<br><br>- Социологија<br><br>- Статистика<br><br>- Биологија<br><br>- Сообраќајна и туристичка географија |

| V тема: ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (15) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| ❖ **Природни и општествени фактори кои предизвикуваат нарушување на животната средина**<br><br>❖ **Загадување и заштита на воздухот**<br>**Загадување и заштита на водите**<br><br>❖ **Урбаната средина и нејзината заштита**<br><br>❖ **Примена на современата технологија во унапредувањето на животната средина**<br><br>❖ **Регионалното и просторното планирање во унапредувањето на животната средина** | *Ученикот :*<br>- да ги идентификува природните и општествените фактори кои ја нарушуваат животната средина;<br><br>- да го објасни загадувањето и заштитата на воздухот;<br><br>- да дискутира за загадувањето и заштитата на водите;<br><br>- да конструира слика за урбанизацијата како светски процес и да пронаоѓа решенија за заштита на урбаната средина;<br><br>- да планира кои современи технологии ја унапредуваат животната средина;<br><br>- да ја процени вредноста на регионалниот и просторниот план за унапредување на животната средина. | - Примена на физичка карта на светот, физичка карта на Република Македонија, топографски карти, планови и макета за современа депонија.<br><br>- Се организира тимска работа со примена на методи на интерактивна настава.<br><br>- Изработка на елаборат за идентификација на најголемите загадувачи на водите и воздухот во твојот крај.<br><br>- Посета на Заводот за урбанизам на град Скопје.<br><br>- Посета на Министерството за заштита и унапредување на животната средина.<br><br>- Користење повеќестрана нагледност од видеофилм и Интернет. | -Тесна поврзаност со природно-географските и социогеографските одлики<br><br>- Социологија<br><br>- Статистика<br><br>- Биологија<br><br>- Екологија<br><br>- Климатологија<br><br>- Метеорологија<br><br>- Хидрологија |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во остварувањето на целите во изборниот предмет и активностите по географија покрај општопознатите педагошко-психолошки и дидактичко-методски методи на активната настава ќе се користат и методи од практичната географија. Во подготовките и реализацијата на наставата по географија може да се препорача комбинирањето на следниве методи:

1. ***Вербално текстуални:***
   а) **дијалог;** б) **монолог.**
2. ***Демонстративно-илустративни методи:***
   а) **демонстрација со природни и вештачки наставни средства;**
   б) **демонстрација со илустративни средства.**
3. ***Методи на самостојна работа на учениците – истражување,*** кое делумно или целосно се инкорпорирани:
   а) **истражувачката метода;**
   б) **ученички описи** (куси на час и долги повеќедневни).

Изборот и комбинацијата на методите, конкретните постапки во наставата, наставникот ги врши непосредно при планирањето на наставната работа и осмислувањето на организацијата на часот, во согласност со содржините, возраста на учениците, нивните афинитети и материјално-техничките можности (услови на простор и опременост на училиштето).

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Моделот на наставата по географија е заснован врз активното вклучување на учениците во заедничка работа во разрешување на поставениот проблем. Моделот функционира врз неколку основни принципи:

- **планирање на наставата** (глобално, тематско и за час) со опис на задолженијата и активностите на наставникот и учениците;
- **почитување на сознанијата, способностите и искуствата на секој** член и заемна доверба во текот на работата;
- **вклучување на сите ученици** при изборот и донесувањето судови (одлуки), при формирањето групи, определувањето на траењето на активностите;
- **поттикнување на активно учество и афирмација на активностите на секој ученик;**
- **планирање и задолжително изведување** на опишаните **активности и вежби**, според условите на училиштето;
- **воспоставување на соработка** низ комуникација меѓу сите ученици и професорот и мотивација за активност;
- **оспособување на учениците за самостојно размислување,** формулирање, бележење и учество во дискусија.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Успешно изучување на географијата во гимназиското образование може да се постигне со стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства, опрема и материјали. Опремата за наставата треба да е според Нормативот за наставни средства за наставата по географија во средното образование.

#### 4.4.1. Наставни средства, опрема и апарати

Во наставата по географија се користат: ѕидни карти, атласи и енциклопедии, автокарти, топографски карти и планови:

- збирка на географски карти (свет и Република Македонија);
- збирка на тематски карти (свет и Република Македонија);
- збирка на топографски карти;
- збирка на цртани тематски карти, разни цртани блок-дијаграми, шеми, пресеци и слично;
- релјефни модели, пресеци, дијаграми, разни графички и картографски прикази;
- збирка на карпи, руди и минерали - петрографска збирка;
- збирка на разни почви - педолошки пресеци;
- збирка на слајдови со географска содржина;
- збирка на разни фотографии, постери со географска содржина;
- збирка на разни фактографски податоци за разни географски појави и објекти;
- географски атласи;
- збирка-библиотека на стручна и популарна географска литература;
- збирка на специјализирани географски и други CD пакети – цедетека.

Од другите нагледни средства се користи географски и индукционен глобус, а од инструменти планиметар, курвиметар, компас, телириум и школски телескоп.

#### 4.4.2. Учебници и учебни помагала:

- учебници по географија за III година;
- брошури со географски и блиски на нив содржини;
- географски списанија;
- карти и атласи;
- енциклопедиски изданија;
- Интернет информации и специјализирани CD за географија.

### 4.4.3. Литература и материјални средства за наставникот

За наставникот се препорачуваат следните материјали и референци:
- географски енциклопедии;
- универзитетски учебници по географските дисциплини;
- географски прирачници;
- географска популарна литература;
- географски информации по Интернет;
- специјализирани географски енциклопедии и програми на CD;
- збирка на карти и атласи.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За оценувањето и напредувањето на учениците, т.е. за квалитетот и обемот на знаењето и оспособеноста на учениците наставникот треба да подготвува и поставува осмислени проблемски задачи и прашања во кои се опфатени содржините од наставната единица. Проблемот во себе треба да ги содржи степените на совладаност на содржините (препознавање, дефинирање и редефинирање, слободно опишување, објаснување и примена). Самото оценување треба да се врши континуирано на секој час и во себе да содржи позитивен пристап, со тенденции на наставникот да ги евидентира и оценува сите позитивни активности, а не само меморизираните факти и податоци.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Од наставникот се очекува да ги поседува следните карактеристики на персонални, стручни и педагошки вредности:
- да биде психички и физички здрав;
- да е добар предавач и организатор на наставата;
- да поседува квалитетни способности за комуникација со учениците, родителите, колегите и други странки;
- да биде креативен, инвентивен и да се залага за иновирање на наставниот процес;
- да поседува адекватно професионално стручно образование;
- да применува современа образовна техника и технологија;
- да применува повеќе интерактивни и истражувачки методи на работа;
- да нема говорни и физички мани.

### 6.2. Стандард на наставен кадар

1. Завршени студии по географија – наставна насока VII-1.
2. Завршени студии по географија – применета насока и се стекнал со педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII-1.

### 6.3. Стандард на простор и опрема

За остварување на програмските цели по географија потребен е соодветен опремен кабинет за географија со материјално-технички средства согласно Нормативот за простор и наставни средства.

## 7. ДАТУМ И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2003 година

### 7.2. Состав на работната група

**Ивица Гиевски,** советник, Биро за развој на образованието, Скопје, раководител
**Д-р Никола В. Димитров,** советник, Биро за развој на образованието, Битола
**Д-р Никола Панов,** редовен професор на Институтот по географија на ПМФ - Скопје
**Д-р Благоја Марковски,** редовен професор на Институтот по географија на ПМФ - Скопје
**Љубица Каровска,** професор по географија во ДСУ "Јосип Броз Тито" - Скопје
**Цана Герасимовска,** професор по географија во Гимназија “Никола Карев” - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2003 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма ја одобри (донесе): ____________________________________________________

со решение бр. ____________ од _____________ година.